## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и член 64 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот**
**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 221/18)**

1. Во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/12, 50/13, 71/14, 223/15 и 218/16), во точката 19-ѓ., во ставот 1 потточки 19-ѓ.3. и 19-ѓ.4. зборот: „позиции", се заменува со зборот: „инструменти".

Во ставот 2, зборот: „позицијата" се заменува со зборот: „инструментот", зборот: „којашто" се заменува со зборот: „којшто", а зборот: „нејзиниот" се заменува со зборот: „неговиот".

2. Во точката 19-ј., ставот 1 се менува и гласи:

„Без добиена согласност од Народната банка, банката не може да го намали износот на сопствените средства преку:

1) Откуп или намалување на вредноста на инструментите коишто се дел од редовниот основен капитал;
2) Откуп или отплата на инструментите коишто се дел од додатниот основен капитал;
3) Откуп или отплата на инструментите коишто се дел од дополнителниот капитал, пред договорениот рок на достасување."

Во ставот 4 во алинејата 1, зборовите: „работење, или" се заменуваат со зборовите: „работење, и/или".

Во ставот 7 во алинејата 2, по зборот: „години", се додава запирка и зборовите: „имајќи ја предвид деловната политика на банката".

3. Оваа одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О бр. 02-15/XVIII-1/2018**
**29 ноември 2018 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**